МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
Ул. „Перо Наков" 6.6.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

www.mkdsumi.com.mk
Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 02-877/1
06-12-2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 35 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" п.о. Скопје, директорот на Јавното претпријатие, согласно Правилникот за продажба и Ценовникот на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014година, Записниците и Решенијата издадени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државен испекторат за шумарство и ловство, како и согласно Одлуките од Управен Одбор го објавува следниот:

# О Г Л А С бр. 6 /2016

## За продажба на огревно и техничко дрво

Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" п.о.Скопје, ги известува сите правни лица дека врши продажба на огревно и техничко дрво од сопствено производство по пат на усно и јавно наддавање во количини и подружници како следи:

## ПРЕГЛЕД НА ДРВНА МАСА ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

### I - ДРВНА МАСА НА ШУМСКИ СКЛАД

1. ***ПШС "Осогово" Крива Паланка*** **- Продажбата е деллива по делови.**
   ***ШСЕ "Длабочица-Киселица"***

Цената е согласно Ценовникот на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014год
*Дел 1 - Оддел/пододдел:* ***35/г***
Багрем огревно дрво (7-16см) во количина од 180м3 со почетна цена 2.420,00 ден/м3.
Багрем огревно дрво –сеченица (3-7см) во количина од 165м3 со почетна цена 1.700,00 ден/м3.

***ШСЕ "Пклиште - Длабочица"***

Цената е согласно Ценовникот на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014год
*Дел 1 - Оддел/пододдел:* ***9/а***
црн бор облотехничко дрво во количина од 117,50м3 со почетна цена 2.500,00ден./м3
*Дел 2 - Оддел/пододдел:* ***10/а***
црн бор облотехничко дрво во количина од 49,87м3 со почетна цена 2.500,00ден./м3
*Дел 3 - Оддел/пододдел:* ***10/б***
црн бор облотехничко дрво во количина од 285м3 со почетна цена 2.500,00ден./м3

### II - ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА

1. **ПШС "Голак" Делчево**
   ***ШСЕ"Ветрен Сараево"*** **- (заедно се продава техничко и огревно од одделот) Продажбата е деллива по оддел.**

***По*** **Записник бр.08-157 од 27.10.2016 и Решение бр.08-157 од 31.10.2016 година од Државен Инспекторат за шумарство и ловство**

Ул. „Перо Наков" 6.6.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

Цената е согласно Ценовникот на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014год.

*Дел 1* Оддел/пододдел: **125/а опожарена дрвна маса**
црн бор огревно дрво (7-16см) во количина од 70м3, со почетна цена 700,00ден./м3
црн бор техничка облица во количина од 212м3 со почетна цена 890,00ден./м3
црн бор ситно тех. во количина од 106м3 со почетна цена 1.120,00ден./м3
црн бор облотехничко дрво во количина од 180м3 со почетна цена 1.850,00ден./м3
црн бор трупци IIIкл (25-39 см) во количина од 70м3 со почетна цена 2.080,00ден./м3
остатоци во сеча – отпад во количина од 70м3 со почетна цена 500,00ден./м3

*Дел 2* Оддел/пододдел: **126/а опожарена дрвна маса**
црн бор огревно дрво (7-16см) во количина од 120м3, со почетна цена 700,00ден./м3
црн бор техничка облица во количина од 365м3 со почетна цена 890,00ден./м3
црн бор ситно тех. во количина од 180м3 со почетна цена 1.120,00ден./м3
црн бор облотехничко дрво во количина од 305м3 со почетна цена 1.850,00ден./м3
црн бор трупци IIIкл (25-39 см) во количина од 120м3 со почетна цена 2.080,00ден./м3
остатоци во сеча – отпад во количина од 120м3 со почетна цена 500,00ден./м3

2. **ПШС "Лопушник" Кичево**
   ***ШСЕ"Дреново"* – опожарен бор**

***По Одлука од УО бр.*02-1133/3-4 од 26.11.2015година и Записник бр.08-126 од 01.10.2015 година од Државен Инспекторат за шумарство и ловство**

**продажбата не е деллива**

*Дел 1* - Оддел/пододдел: **6/г** опожарено огревно дрво од четинари (црн бор и бел бор) во количина 1.000м3 со почетна цена од 700ден/м3.

3. **ПШС "Кајмакчалан" Битола**
   ***ШСЕ"Бел Камен"* – опожарен црн бор**

***По Одлука од УО бр.*02-1009/3-2 од 02.11.2015година и Записник бр.08-86 од 07.05.2015 година од Државен Инспекторат за шумарство и ловство**

**продажбата не е деллива**

*Дел 1* - Оддел/пододдел: **16/в,17/а и 21/б** опожарена дрвна маса од четинари-црн бор во количина 450м3 со почетна цена од 672,00ден/м3.

4. **ПШС "Галичица" Охрид**
   ***ШСЕ"Буково"* - Продажбата не е деллива**
   ***По Одлука од УО бр.*02-1170/4 од 05.12.2014година**

*Дел 1* - Оддел/пододдел: **24/а** опожарена дрвна маса од четинари - црн бор во количина од 500м3, со почетна цена 1.110,00ден./м3

Продажбата ќе се изврши по пат на јавно наддавање – лицитација, која ќе се одржи на ден **15.12.2016 година (четврток)**, **со почеток во 11:00 часот** во просториите на дирекцијата на јавното претпријатие на ул. Перо Наков бр.128 Скопје (зграда на МЗТ Опрема).

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
Ул. „Перо Наков" 6.6.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824
www.mkdsumi.com.mk

III

Учесниците во јавното наддавање имаат право да лицитираат за количини според нивните потреби.

Трошоците за утовар и превоз од место на продажба ги сноси купувачот.

IV

Заинтересираните правни лица можат да ги разгледаат количините на огревното дрво и техничкото дрво во шумските складови на јавното претпријатие и на лице место во насадите, секој работен ден во текот на траењето на јавниот оглас во периодот од 08:00 до 15:00 часот.

V

Право на учество имаат сите правни лица од Република Македининја кои на денот на јавното наддавање ќе презентираат тековна состојба, доказ за обезбеден депозит за учество во висина од 10 % од утврдената почетна цена за вкупната количина за која се заинтересирани да наддават и документ кои се потврдува дека се усогласени согласно одредбите од Законот за шумите, а за позициите бр: II купувачите потребно е да поседува Лиценца за извршување на шумскокултурни работи или да ангажира лиценцирана фирма.

Јавното наддавање ќе се одржи кога ќе се пријават најмалку двајца учесници под услов да понудат најмалку еден чекор (10,00 денари по м3.), од почетната цена, а договорниот орган го задржува правото за склучување на Договор.

VI

Приоритет на јавното наддавање ќе имаат оние Заинтересирани домашни правни лица регистрирани во Република Македонија кои ќе понудат најповолна понуда за севкупната количина во ШСЕ, за ПШС или за севкупните количини на ЈП "Македонски Шуми", при што треба да ја прифатат најповолната понуда на лицитацијата.

VII

Депозитот може да се уплати на жиро сметка на ЈП,,Македонски шуми,, п.о. Скопје бр.200000026783244, депонент Стопанска банка, АД Скопје, најдоцна до **15.12.2016 година (четврток)**, **уплата од каса нема да се признава**. Право за наддавање имаат само учесниците кои навремено до **15.12.2016 година (четврток)** точно во **11 часот** ќе бидат присутни во салата за усното и јавно наддавање.

VIII

На сите учесници кои не успеале во јавното наддавање ќе им биде вратен уплатениот депозит за учество во рок од 5 (пет) работни дена по завршување на јавното наддавање.

Учесниците во јавното наддавање со себе треба да ја имаат следната документација:

- Извод од Централен регистар – тековна состојба не постара од 6 месеци

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" 6.6.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

- Лична карта на управителот, односно заверено полномошно доколку учесник во јавното наддавање не е управителот на правното лице
- Доказ за уплатен депозит
- Доказ за регистриран склад (согласно Законот за шумите) - за купувачи на огревно дрво
- Доколку заинтересираните купувачи дрвата ќе ги користат за свои лични потреби не е потребно да - поседува Доказ за регистриран склад (согласно Законот за шумите).
- Да поседува пилана или да има договор за закуп на пилана, правното лице (кое купило за свои потреби) да има договор за вршење на услуги за обраборка – за купувачите на техничко дрво.

**Напомена:** доколку купувачот добие дел од позициите бр: II од Огласот, за склучување на Договор за купопродажба треба да поседува Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сечата и дотур или Договор со лиценциран правен субјект за извршување на сеча и дотур на купената дрвна маса.

- Продажбата се однесува само за домашни правни субјекти.

**Напомена:** Доколку се јават поголеми количини на дрвни сортименти од проценетите и од други квалитетни класи, продавачот и купувачот заеднички ќе ги утврдат на лице место, а купувачот е обврзан да ги купи по редовниот Ценовник на ЈП Македонски шуми бр.02-1170/2 од 05.12.2014 година.

IX

Најповолните понудувачи се должни во рок од 10 (десет) дена од денот на јавното наддавање, да ја уплатат вкупната цена за дрвниот сортимент за кој ќе наддаваат и склучат договор за купопродажба. Сите одредби кои се внесени во огласот во врска со начинот на плаќање и реализација ќе бидат имплементирани во договорот.

X

Ако во наведениот рок најповолниот понудувач не изврши уплата на вкупниот износ или одбие да склучи договор за купопродажба го губи правото на враќање на депозитот.

**Информации на телефон:** 02/2580 932
Огласот е објавен на WEB страната на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" п.о. – Скопје .

**Изработил:**
Марија Срезовска-Матевска
м-р Костадинка Соколовска

**Одобрил:**
Пом. Директор
м-р. Тони Јованов

**ЈП „Македонски шуми" - п.о. - Скопје**
**Директор**
**Дипл. правн. Жарко Караџоски**